Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

*Систем за е - потврди*
*веб корисник*

*Упатство за пребарување и преземање на информации од Регистарот на вистински сопственици*

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

**Вовед**

Користени кратенки
РВС – Регистар на вистински сопственици
ТД – трговско друштво
ДПЛ – друго правно лице
ТР – трговски регистар
РДПЛ – регистар на други правни лица
РБК – регистар на буџетски корисници
ЦРН – Централен регистар на население
ЕМБГ – единствен матичен број на граѓанинот
ЗСППФТ – Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам
ЦР – Централен регистар
ЕМБС – единствен матичен број на субјектот
ЕДБ – единствен даночен број

„**Регистар на вистински сопственици**“ е информациски систем кој овозможува прием, евидентирање, обработка, чување и размена на податоци и/или документи за вистински сопственици во електронска форма;
„**Вистински сопственик**“ е секое физичко лице (лица) кое е краен сопственик на клиентот или го контролира клиентот и/или физичко лице (лица) во чие име и за чија сметка се извршува трансакција. Поимот вклучува и физичко лице (лица) кое врши крајна и ефективна контрола над правно лице или странски правен аранжман.

Во согласност со законската регулатива (ЗСППФТ и Правилникот) постои поделба помеѓу Информациите кои се издаваат од Регистарот на вистински сопственици:

- **Информации со целосни податоци** достапни за субјектите по член 5, надлежни субјекти согласно член 29 и член 146 од Законот кои содржат лични податоци за вистинските сопственици.
- **Информации за јавна употреба** кои не ги содржат следните лични податоци: ЕМБГ/Идентификациски број, адреса на живеалиште и престој и денот на раѓање.

Приказот на податоците во информациите претставуваат **компилација на податоци** запишани во повеќе регистри:

- Регистарот на вистински сопственици;
- Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица,
- Регистарот на буџетски корисници при Министерство за финансии и
- Централниот регистар на население при Министерство за информатичко општество и администрација.

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Комбинацијата на податоците од наведените регистри е во зависност од тоа дали субјектот за кој се бара информација подлежи на обврската за упис во РВС или не, односно дали лицето за кое се бара информација е државјанин/странец со регулиран престој или странски државјанин.

**Субјекти изземени од обврската за внес се следните**:
- трговци поединци,
- самостојни вршители на дејност
- правни лица во државна сопственост
- правни лица во постапка на стечај и ликвидација
- компании чии акции котираат на организиран пазар на хартии од вредност

Вистинските сопственици за субјектите изземени од обврската за внес се дефинирани со посебни законски одредби согласно кои:

- **Вистински сопственик на трговец поединец или самостојни вршители на дејност** е физичкото лице регистрирано за вршење на дејноста и во исто време е единствен овластен претставник.
- **Вистински сопственик на буџетски корисник** е раководител на буџетскиот корисник.
- **Вистински сопственик на правно лице во државна сопственост** е лицето кое управува или раководи со органот на управување на правното лице во државна сопственост.
- **Вистински сопственик на правно лице кое е во постапка на стечај или ликвидација** е стечајниот управник, односно ликвидаторот до завршувањето на постапката на стечај, односно ликвидација.

**Информации за субјекти изземени од обврската за упис** (**Тековна состојба на вистински сопственици на субјект**/ **за физичко лице-вистински сопственик**/ **Историјат на вистински сопственици на субјект**/ **за физичко лице-вистински сопственик**)

Информацијата за вистинскиот сопственик на трговецот поединец, самостојните вршители на дејност и лицата кои вршат јавни овластувања, како и на буџетските корисници, правни лица во државна сопственост и правни лица во постапка на стечај и ликвидација се издава согласно со последно впишани податоци во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица и регистарот на буџетски корисници во надлежност на Министерството за финансии (како по однос на податоците за субјектот, така и по однос на личните податоци за вистинскиот сопственик).

Со оглед на тоа што во ТР не се евидентираат податоци за акционерите на акционерските друштва кои согласно ЗППФТ се исклучени од обврската за внес (друштвата чии акции котираат на организиран пазар на хартии од вредност- берза) ЦР не издава информации кои се однесуваат на вистинскиот сопственик на овие субјекти.

- Податоците **за субјектот** се преземаат согласно последно впишаните податоци во ТР и РДПЛ;
- **Личните податоци за вистинскиот сопственик** – за лицето за кое се побарува информација се преземаат согласно последно запишаните податоци во последната пријава за упис во ТР, РДПЛ (согласно евиденцијата на РБК);

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

- Со оглед на тоа што овие субјекти се изземени од обврската за внес и не запишуваат податоци за вистинските сопственици, во историјатот е дадена напомена дека за субјектот не се евидентирани пријави за упис во Регистарот на вистински сопственици. Исклучок претставуваат субјектите кои запишале податоци за вистински сопственици пред да добијат статус во ликвидација или во стечај. Кај тие субјекти има приказ на претходно запишаните податоци за вистински сопственици.

**Субјекти кои се обврзани за упис на податоци во РВС се следните**:

-трговски друштва,
- подружници и филијали на странски трговски друштва и странски трговец поединец,
- здруженија,
- сојузи,
- фондации,
- комори,
- синдикати,
- политички партии,
- задруги,
- верски заедници,
- заедница на сопственици,
- други организации.

**Информации за субјекти обврзани за упис на податоци во РВС** (**Тековна состојба на вистински сопственици на субјект/ за физичко лице-вистински сопственик**)

- Податоците **за субјектот** се преземаат согласно последно впишаните податоци во ТР и РДПЛ;
- **Личните податоци за граѓаните на Република Северна Македонија кои живеат во државата или во странство**, **како и странските државјани со уреден престој** во Република Северна Македонија подолго од една година (лично име, месец и година од датумот на раѓање, државјанство, земја на престој) се преземаат согласно впишаните податоци во Централниот регистар на население на денот на издавањето на истата. Доколку интернет врската (Интероп) не функционира во моментот на генерирањето на информациите овие податоци се преземаат како што се запишани согласно последната пријава во РВС и за тоа има соодветна напомена;
- **Личните податоци за странски државјани** (име и презиме, идентификациски број, адреса на живеалиште, датум на раѓање и државјанство) се преземаат како што се запишани согласно последната пријава во РВС;
- **Податоците за сопственоста** (индикаторот на сопственост и датумот на важење на индикаторот) се преземаат согласно евидентираното во РВС;
- **Доколку субјектот за кој се бара информација е избришан од ТР и РДПЛ**, се прикажуваат последно запишаните податоци, пред да се спроведе постапката за бришење на субјектот.

**Информации за субјекти обврзани за внес на податоци во РВС (Историјат на вистински сопственици на субјект/ за физичко лице-вистински сопственик)**:

- Податоците за **субјектот** се преземаат согласно последно впишаните податоци во ТР и РДПЛ;
- **Личните податоци за вистинскиот сопственик** – за лицето за кое се побарува информацијата (историјатот) во дсекцијата „Податоци за физичкото лице – вистински сопственик" се преземаат од ЦРН, во моментот на генерирање на информацијата. Доколку интернет врската (Интероп) не функционира во моментот на генерирањето на информациите овие податоци се преземаат како што се запишани согласно последната пријава во РВС и за тоа има соодветна напомена; **Личните податоци за странски државјани** (име и презиме, идентификациски број, адреса на живеалиште, датум на раѓање и државјанство) се преземаат како што се запишани согласно последната пријава во РВС.
- Деловодните броеви од уписите во РВС се преземаат и прикажуваат согласно извршените уписи во РВС, а личните податоци се прикажуваат како што биле запишани во самата пријава..
- Доколку субјектот за кој се бара информација е избришан од ТР и РДПЛ, се прикажуваат последно запишаните податоци, пред да се спроведе постапката за бришење на субјектот.

Информации во случај субјектот за кој се бара информација **е веќе ибришан** – се издава информација со извршените уписи во РВС, со напомена дека информацијата претставува последна состојба пред бришење на субјекот.

Информации во случај субјекот за кој се бара информација **нема запишано податоци во РВС** - се издава информација дека за истиот нема запишано податоци во РВС.

**Преку Системот за е-потврди исклучиво се издаваат информации за јавна употреба**.

**Типови на информации од Регистарот на вистински сопственици достапни преку Системот за е-потврди**:

1. Тековна состојба на сопственост по ТД-ДПЛ (Тековна состојба на вистински сопственици на субјект);
2. Тековна состојба на сопственоста по лице (Тековна состојба за физичко лице-вистински сопственик);
3. Историски податоци за промените на сопственоста по ТД-ДПЛ (Историјат на вистински сопственици на субјект);
4. Историја на промени на состојбата по лице (Историјат за физичко лице-вистински сопственик)

**Најава во Системот за е-потврди**

Најавата во Системот за е-потврди како веб корисник, начинот на користење на услугата, односно преземањето на информациите во електронска форма или во хартиена форма, начинот на реализирањето на наплатата се спроведуваат согласно Упатството за користење на апликацијата за е-потврди.

**Во продолжение се дадени насоки за начинот на пребарување и генерирање на информации од Регистарот на вистински сопственици**.

1. **Тековна состојба на сопственост по ТД-ДПЛ** (**Тековна состојба на вистински сопственици на субјект**):

- Избор на менито Ново барање
- Од менито Регистар/намена се избира Регистар на вистински сопственици
- Од менито Потврда/информација се избира производот Тековна состојба за субјект за јавна употреба
- Во менито Влезни критериуми, во полето ЕМБС се внесува податокот за ЕМБС за субјектот за кој се побарува информацијата. Критериумите за помошно пребарување се користат во случај ЕМБС да не е познат.
- Критериумите за помошно пребарување:
    - Дел од назив
    - ЕДБ
    - Трансакциска сметка

- Врз основа на помошните критериумите се добива ЕМБС на субјектот за кој се бара информацијата
- Во полето ЕМБС се внесува податокот за ЕМБС кој е добиен врз основа на помошните критериуми
- За генерирање на информацијата се бира копчето Зачувај
- **Постапката за преземањето на генерираната информација е иста како и за информациите од другите регистри**.

2. **Историски податоци за промените на сопственоста по ТД-ДПЛ** (**Историјат на вистински сопственици на субјект**):

- Избор на менито Ново барање
- Од менито Регистар/намена се избира Регистар на вистински сопственици
- Од менито Потврда/информација се избира производот Историјат за субјект-јавна употреба
- Во менито Влезни критериуми, во полето ЕМБС се внесува податокот за ЕМБС за субјектот за кој се побарува информацијата. Критериумите за помошно пребарување се користат во случај ЕМБС да не е познат.
- Критериумите за помошно пребарување:
    - Дел од назив
    - ЕДБ
    - Трансакциска сметка
- Врз основа на помошните критериумите се добива ЕМБС на субјектот за кој се бара информацијата
- Во полето ЕМБС се внесува податокот за ЕМБС кој е добиен врз основа на помошните критериуми

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

- За генерирање на информацијата се бира копчето Зачувај
- **Постапката за преземањето на генерираната информација е иста како и за информациите од другите регистри**

3. **Тековна состојба на сопственоста по лице** (**Тековна состојба за физичко лице-вистински сопственик**)

- Избор на менито Ново барање
- Од менито Регистар/намена се избира Регистар на вистински сопственици
- Од менито Потврда/информација се избира производот Тековна состојба за физичко лице за јавна употреба
- Во менито Влезни критериуми, во полето Име и презиме: се внесува податокот за Име и презиме за лицето за кое се побарува информацијата (може да се користи македонски јазик и кирилско писмо; друг јазик и писмо како во лична карта (јазик на заедницата); основно латинско писмо). Пребарувањето не е case-sensitive. **При внесот на податоците задолжително да се внимава на печатни грешки**, **со оглед на тоа што пребарувањето се врши стриктно по влезниот критериум**. Доколку се пронајдени повеќе записи со истото име и презиме во Регистарот на вистински сопственици, системот ќе даде предупредување со насока за користење на помошното пребарување заради поблиска идентификација на лицето за кое се побарува информацијата. Во спротивно може да се премине кон генерирање на информацијата.
- За генерирање на информацијата се бира копчето Зачувај

  - **Користење на помошното пребарување за пронаоѓање на т.н. Вештачки идентификатор**

- Доколку Системот даде предупредување дека се пронајдени повеќе вистински сопственици со внесеното име и презиме, треба да се премине на линкот Помошно пребарување за да се пронајде т.н. Вештачкиот идентификатор, според кој ќе се врши пребарувањето.
- При кликање на линкот за Помошно пребарување се отвора поле за внес на име и презиме. Со кликање на копчето Барај се прикажуваат следните резултати од пребарувањето:
    - податок за Вештачкиот идентификатор на лицето
    - податок за име и презиме на лицето
    - податок за месецот и годината на раѓање на лицето

- По извршената идентификација (совпаѓање на името и презимето и наведениот месец и година на раѓање на лицето) се избира Вештачкиот идентификатор и истиот се внесува во полето Вештачки идентификатор.
- За да може да се спроведе пребарувањето потребно е полето за Име и презиме да е празно.
- За генерирање на информацијата се бира копчето Зачувај

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

**Постапката за преземањето на генерираната информација е иста како и за информациите од другите регистри.**

**Напомена: Системот ќе издаде информација согласно внесените податоци за име и презиме на лицето за кое се бара информацијата (внимавањето на печатни грешки е неопходно). Пребарувањето се прави врз основа на последната пријава во која лицето (име и презиме) било запишано во РВС. Во случај внесените податоци да не соодветствуваат со уписот во Регистарот на вистински сопственици, односно во Централниот регистар на население, Системот ќе генерира информација со внесените податоци применети како критериум за пребарување и ќе издаде информација дека за лицето не се пронајдени записи.**
**Пример: Доколку некој е запишан со одредено име и презиме во РВС (име1 презиме1), за да се добие соодветна информација за тоа лице потребно е при пребарувањето да се користи точното име и презиме (име1 презиме1) со кое тоа лице е запишано во последниот деловоден број во регистарот. Во спротивно системот нема да го пронајде и ќе врати повратна информација дека за внесените критериуми не се пронајдени податоци.**

**Доколку врз основа на внесените критериуми за пребарување лицето се утврди дека е запишано во РВС, системот ќе ги повлече последните податоци за тоа лице евидентирани во Централниот регистар на население и ќе ги прикаже во бараната Информација, така што излезните лични податоци содржани во информацијата може да не соодветствуваат со влезните податоци, но сепак системот потврдува дека се работи за истото лице.**

4.**Историја на промени на состојбата по лице (Историјат за физичко лице-вистински сопственик)**

- Избор на менито Ново барање
- Од менито Регистар/намена се избира Регистар на вистински сопственици
- Од менито Потврда/информација се избира производот Историјат за физичко лице за јавна употреба
- Во менито Влезни критериуми, во полето Име и презиме: се внесува податокот за Име и презиме за лицето за кое се побарува информацијата (може да се користи македонски јазик и кирилско писмо; друг јазик и писмо како во лична карта (јазик на заедницата); основно латинско писмо). Пребарувањето не е case-sensitive. При внесот на податоците задолжително да се внимава на печатни грешки, со оглед на тоа што пребарувањето се врши стриктно по влезниот критериум. Доколку се пронајдени повеќе записи со истото име и презиме во Регистарот на вистински сопственици, системот ќе даде предупредување со насока за користење на помошното пребарување заради поблиска идентификација на лицето за кое се побарува информацијата. Во спротивно може да се премине кон генерирање на информацијата.
- За генерирање на информацијата се бира копчето Зачувај
- 
- Користење на помошното пребарување за пронаоѓање на т.н. Вештачки идентификатор
- 

- Доколку Системот даде предупредување дека се пронајдени повеќе вистински сопственици со внесеното име и презиме, треба да се премине на линкот Помошно пребарување за да се пронајде т.н. Вештачкиот идентификатор, според кој ќе се врши пребарувањето.
- При кликање на линкот за Помошно пребарување се отвора поле за внес на име и презиме. Со кликање на копчето Барај се прикажуваат следните резултати од пребарувањето:
- податок за Вештачкиот идентификатор на лицето
- податок за име и презиме на лицето
- податок за месецот и годината на раѓање на лицето
-
- По извршената идентификација (совпаѓање на името и презимето и наведениот месец и година на раѓање на лицето) се избира Вештачкиот идентификатор и истиот се внесува во полето Вештачки идентификатор.
- За да може да се спроведе пребарувањето потребно е полето за Име и презиме да е празно.
- За генерирање на информацијата се бира копчето Зачувај
- Постапката за преземањето на генерираната информација е иста како и за информациите од другите регистри.
-
- Напомена: Системот ќе издаде информација согласно внесените податоци за име и презиме на лицето за кое се бара информацијата (внимавањето на печатни грешки е неопходно). Пребарувањето се прави врз основа на последната пријава во која лицето (име и презиме) било запишано во РВС. Во случај внесените податоци да не соодветствуваат со уписот во Регистарот на вистински сопственици, односно во Централниот регистар на население, Системот ќе генерира информација со внесените податоци применети како критериум за пребарување и ќе издаде информација дека за лицето не се пронајдени записи.
- Пример: Доколку некој е запишан со одредено име и презиме во РВС (име1 презиме1), за да се добие соодветна информација за тоа лице потребно е при пребарувањето да се користи точното име и презиме (име1 презиме1) со кое тоа лице е запишано во последниот деловоден број во регистарот. Во спротивно системот нема да го пронајде и ќе врати повратна информација дека за внесените критериуми не се пронајдени податоци.
-
- Доколку врз основа на внесените критериуми за пребарување лицето се утврди дека е запишано во РВС, системот ќе ги повлече последните податоци за тоа лице евидентирани во Централниот регистар на население и ќе ги прикаже во бараната Информација, така што излезните лични податоци содржани во информацијата може да не соодветствуваат со влезните податоци, но сепак системот потврдува дека се работи за истото лице.